# З А П И С Н И К

Од 53-та седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 29.04.2020 год.

Седницата се одржа онлајн преку апликацијата ZOOM и започна со работа во 10,20 часот.

На седницата беа присутни 31 членови на Советот на Општината: Претседателотот на Советот-Валентин Груевски, Методија Илиевски,Зоран Стојчевски, Жаклина Наумовска, Ристенка Алтипармаковска,Борче Корлевски,Емилија Костурски, Елеонора Илиевска, Зоран Ѓеорѓиев, Владе Шеровски, Елизабета Тодоровска, Виолета Дракалска,Татјана Крнчева, Јован Налбанти, Славе Најдовски, Веселин Талевски, Билјана Поповска, Анита Ангелевска,Александар Мирчевски,Горан Михајловски,Елена Трајчецска,Тони Коњановски,Иванчо Тошевски, Николче Јанкуловски,Борче Димитровски,Олга Лозановска, Викторија Христовска, Горан Степановски,Габриела Илиевска, Иван Чулаковски, Бурим Керими.

Согласно чл.44 од Законот за ЛС Конфликт на интереси имаше советничката Емилија Костурски.

Претседателот на Советот Валентин Груевски го прочита дневниот ред со 10 точки.

Габриела Илиевска потсети на пондесените барања од пред 1,5 месец и забележа што на нив не е одговорено и предложи: Општина Битола (по примерот на останатите општини) да обезбеди маски за граѓаните на Општина Битола, Советот на Општина Битола да донесе Заклучок кој ќе го испрати до Кризниот штаб на Општина Битола и ќе се определат неколку пунктови на кои ќе се делат бесплатни маски за граѓаните на Општина .Потсети дека една од препораките е задолжително носење на маски во затворени места за набавка на прехранбени и хемиски производи, и смета дека предлогот ќе биде едногласно прифатен, и замоли советниците да добиваат повеќе информации од страна на Општината.Предлогот е: одделување на 500.000д.од Буџетот на Општина Битола и одредување на пунктови каде ќе се делат бесплатни маски за граѓаните на Општина Битола.

Олга Лозановска предложи дополнување на дневниот ред со Предлог мерки за да се намалат последиците од актуелната состојба со covid 19:

1.Намалување на данокот на имот до законскиот минимум

2.Намалување на данок на промет на недвижности од 3% на 2%

3.Намалување на комуналната такса-фирмарина на законскиот минимум

4.намалување надоместок за поставување на урбана опрема заклучно со Декември 2020

5.Ослободување на хотелите од плаќање на туристичка такса заклучно со 31.12.2020

Претседателот на Советот Валентин Груевски предложи 3 нови точки:

1.Одлука за имена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020г.

2.Одлука за примање на донација 100 таблети(таблет-компјутери)за ученици од материјално необезбедени семејства кои немаат дигитални уреди за следење на онлајн настава на Општина Битола даден од страна на Еколог-Интернационал-Тетово.

3.Одлука за примање на донација диспензери за течен сапун и саникс гел за дезинфекција на Општина Битола даден од страна на ДООЕЛ ДИКИНС-ИН Битола.

Предлогот на Габриела Илиевска: одделување на 500.000д.од Буџетот на Општина Битола и одредување на пунктови каде ќе се делат бесплатни маски за граѓаните на Општина Битола, беше ставен на гласање и не беше прифатен со 13 гласови ЗА и 15 воздржани.

Предлогот од Олга Лозановска:

1.Намалување на данокот на имот до законскиот минимум

2.Намалување на данок на промет на недвижности од 3% на 2%

3.Намалување на комуналната такса-фирмарина на законскиот минимум

4.намалување надомесрок за поставување на урбана опрема заклучно со Декември 2020

5.Ослободување на хотелите од плаќање на туристичка такса заклучно со 31.12.2020

Беше ставен на гласање и не беше прифатен со 12 гласови ЗА и 15 воздржани.

Предлозите на Валентин Груевски:

1.Одлука за имена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020г., беше ставен на гласање и едногласно прифатен (27ЗА).

2.Одлука за примање на донација 100 таблети(таблет-компјутери)за ученици од материјално необезбедени семејства кои немаат дигитални уреди за следење на онлајн настава на Општина Битола даден од страна на Еколог-Интернационал-Тетово, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (27ЗА).

3.Одлука за примање на донација диспензери за течен сапун и саникс гел за дезинфекција на Општина Битола даден од страна на ДООЕЛ ДИКИНС-ИН Битола, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (28ЗА).

За работа на седницата беше предложен и со 14 гласови ЗА,11 против и 2 воздржани, прифатен следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година.
2. Одлука за прифаќање на користење без надоместок на движна ствар на Владата од страна на Општина Битола за потребите на ТППЕ – Битола.
3. Одлука за обезбедување надзор од страна на Општина Битола за реализација на проектот „Реконструкција на кров на ДГ „Коца Василева“ која е во состав на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола.
4. Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на суводолици 1 и 2 , река Драгор и река Мала Корија во плански опфат на УПС Дихово – Општина Битола.
5. Одлука за примање на донација-автоматски портални прскалки за дезинфекција на возила на општина Битола дадена од страна на „Монтинг инженеринг“ ДОО Битола.
6. Предлог Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2020 година.
7. Извештај за реализација на Програмата за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Битола за сезоната 2019/2020 година.
8. Решение за давање согласност на Одлуката за ништење на расходован ситен инвентар и опрема што се наоѓаат во пописните листи на ЈОУ ДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола.
9. Решение за давање согласност на Одлуката за усвојување на извештајот на комисиите за попис на основните средства на ЈОУ ДГ „Мајски Цвет“ Битола за 2019 година констатиран и предложен за расход.
10. Решение за именување на член во Училишен одбор на ОУ „Даме Груев“ Битола
11. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година.

12. Одлука за примање на донација 100 таблети (таблет - компјутери) за ученици од материјално необезбедени семејства кои немаат дигитални уреди за следење на онлајн настава на Општина Битола даден од страна на Еколог-Интернационалн-Тетово.
13. Одлука за примање на донација диспензери за течен сапун и саникс гел за дезинфекциа на Општина Битола даден од страна на ДООЕЛ ДИКИС-ИН Битола.

1.

Борче Корлевски рече,членовите на Комисијата за финансии и буџет го разгледале материјалот по точките: по д ред. Бр.1,2,3,5,8,9 и 10 а се гласало едногласно (5ЗА).

Претседателот на Советот Груевски појасни дека се работи за пренамена на средства од Буџетот на Општина Битола.

Благица Талевска Раководител во Одделението за финансии и Буџет во Општината Битола рече, пренамената се се врши заради потребата која се наметна за дополнителни улици во Долно Оризари кои не се опфатени со предходната Програма на Одделението за Комунални дејности а кои водат кон витални објекти во населеното место.Измени се извршени заради поплаки од граѓани кои живеат на ул.Стив Наумов а кои редовно од поголеми врнежи се поплавуваат и има потреба од поставување на решетки на ул.С.Наумов.Измени се вршат и заради чистење на коритото и санација на зидовите од р.Драгор; измени се вршат и кај водоводната мрежа кај Офицерскиот дом кој во моментот се ревитализира со средства од Мин.за култура; во делот на ул.Крушевска Република и паркинг просторот.

Олга Лозановска праша Дали ќе има кратење на улици во текот на нивна изградба, дали ќе се прави улицата Довлеџик односно дали се менува планот.

Претседателот Валентин Груевски рече дека за она што прашува Лозановска-веќе е доставен материјал до советниците (точка под точка 6).

Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и донесена со 27ЗА.

2.

Одлуката за прифаќање на користење без надоместок на движна ствар на Владата од страна на Општина Битола за потребите на ТППЕ – Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (29ЗА).

3.

Одлуката за обезбедување надзор од страна на Општина Битола за реализација на проектот „Реконструкција на кров на ДГ „Коца Василева“ која е во состав на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (29ЗА).

4.

Зоран Стојчевски рече,членовите на Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина го разгледа материјалот по точката и за истата се гласало со 3 гласови ЗА.

Одлуката за определување на ширина на крајбрежен појас на суводолици 1 и 2 , река Драгор и река Мала Корија во плански опфат на УПС Дихово – Општина Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (29ЗА).

5.

Габриела Илиевска смета дека донацијата е добра за општината но е задоцнета, и потсети дека на Комисијата за финансии (одржана пред еден ден) било кажано дека донацијата не значи одржување на начинот на дезинфекција.Илиевска побара од Директорот на Коминалец да се започне со функционирање на рамките на дезинфекција онака како треба од причина што возилата се дезинфицирани само до половината.

Олга Лозановска праша Дали ЈП Комуналец ќе наплаќа средства од Општината за таа работа или тоа ќе биде во рамките на програмата за одржување?

Игор Талевски рече, Одлуката е за примање на донацијата од страна на Монтинг и со нив стопанисува ЈП Комуналец, Одлуката се однесува само на примање на донацијата, а функционирањето не е предмет на Одлуката.

Габриела Илиевска праша Што ќе се случува со „коритата"што предходно биле направени од Општината,на тоа Талевски рече дека не е тој кој може да одговори на такви прашања од причина што не се во негов домен.

Одлуката за примање на донација-автоматски портални прскалки за дезинфекција на возила на општина Битола дадена од страна на „Монтинг инженеринг" ДОО Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (30ЗА).

6.

Методија Илиевски рече,членовите на Комисијата за јавни и комунални дејсности го разгледа материјалот по точките 6 и 7 и за 6-тата точка се гласало со 3 ЗА и 1нвоздржан а за 7-та точка со 3 гласови ЗА и 1 против.

Методија Илиевски рече дека во Комисијата било кажано во кои делови е извршена интервенција за уредување на градежно земјиште и наброи некои од улиците.Се очекува до крајот на годината да завршат активностите на Офицерскиот дом, ги спомна и капацитетите за водоснабдување на Бул.1-ви Мај, надополнувањето на средствата за Техничкото училиште,во ОУ Е.Караманди и останатите училишта.

Олга Лозановска праша Дали ќе има кратење на некои улици и Дали на ул.Довлеџик ќе се продолжи со работа?

Маријана Спасевска Раководител на Одделението за комунални работи во Општината рече,измените генерално се прават заради ставање во програма на неколку улици во Долно Оризари со вредност од 5.369.120д.(улиците околу црквата и кај стадионот).Исто така Програмата се надополнува со: изградба на водоводна мрежа околу Офицерскиот дом; санација на коритото на р.Драгор; 300.000д. за поставување на 3 решетки на ул.С.Наумов;реконструкција на зидчето(на паркингот) на ул.Крушевска Република. Спасевска рече дека во Програмата нема измена- само се намалуваат одредени страпки и нагласи дека -не е ништо избришано од она што е предвидено.

Олга Лозановска праша Од кои улици односно од од кои ставки се земени средства?

Маријана Спасевска појасни:вкупната вредност која недостасуваше за да се вметнат проектите се намали на сл:објекти:на ул.Ѓ.Димитров каде имаше 2.970.502д. се намали на 1.570.502 д. бидејќи за тука има договор за изведба но има проблем со експропријацијата за која е најавеноп дека во рок од 2 месеци ќе биде завршена.Сметаат дека додека се заврши процедурата за да може да се активира договорот со изведувачот ќе има следна седница и тука ќе биде надополнето (може со Ребаланс)-тоа значи дека еден дел од средствата се

земени од таа улица.Исто така се земени средства  и од ставка за реконструкција на улици и патишта (од Булеварот) има намалување од 2 милиони д. бидејќи проектот е во фаза на работа.За санација на тоалетите во Техничкото  училиште и ОУ Е.Карамaнди се намалени бидеќи вредностите биле планирани со проектот, но после тоа во постапка за јавна набавка вредностите се паднати и средствата од 1.9 милиони се реални вредност и во следниот период ќе се започне со работа, и уште еднаш рече дека вкупната вредност на Програмата останува иста.

Анита Ангелевска рече, пристапот до Програмата е идентичен како и досега, многу лошо се планира и реализира.

Предлог Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2020 година, беше ставен на гласање и прифатена со 18 гласови ЗА и 13 воздржани.

7.

Извештајот за реализација на Програмата за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Битола за сезоната 2019/2020 година, беше ставен на гласање и усвоен со 18 гласови ЗА,11 против и 2 воздржани.

8.

Решението за давање согласност на Одлуката за ништење на расходован ситен инвентар и опрема што се наоѓаат во пописните листи на ЈОУ ДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола, беше ставено на гласање и едногласно донесено (31ЗА).

9.

Решението за давање согласност на Одлуката за усвојување на извештајот на комисиите за попис на основните средства на ЈОУ ДГ „Мајски Цвет“ Битола за 2019 година констатиран и предложен за расход, беше ставено на гласање и едногласно донесено (31ЗА).

10.

Виолета Дракалска рече,членовите на Комисијата за мандатни прашања го разгледале материјалот по точката и предлогот е- член во Училишниот одбор во ОУ Даме Груев Битола да биде: Милена Петреска ,економски техничар а се гласало со 3 гласови ЗА.

Решението за именување на Милена Петревска да биде член во Училишен одбор на ОУ „Даме Груев“ Битола, беше ставено на гласање и донесено со 18 гласови ЗА,10 против и 2 воздржани.

11.

Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и едногласно донесена (30ЗА).

12.

Претседателот даде пауза од 15 мин за да може да се составен Комисијата за финансии и да ги разгледа двете следни точки .

Борче Корлевски рече,членовите на Комисијата за финансии го разгледа материјалот по точките 12 и 13 и за истиот се гласало со 5 гласови ЗА.

Одлуката за примање на донација 100 таблети (таблет - компјутери) за ученици од материјално необезбедени семејства кои немаат дигитални уреди за следење на онлајн настава на Општина Битола даден од страна на Еколог-Интернационалн- Тетово, беше ставена на гласање и едногласно донесена (30ЗА).

13.

Одлуката за примање на донација диспензери за течен сапун и саникс гел за дезинфекциа на Општина Битола даден од страна на ДООЕЛ ДИКИС-ИН Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (30ЗА).

Седницата заврши во 13,15 часот.

Седницата се пренесуваше на Youtube и се снимаше на аудио касети и по нив се водат забелешки.

Седницата ја обработи Ленче В.Гареска,референт за седници.

Бр..09-33/2
29.04.2020 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
На Советот на Општина Битола
Валентин Груевски